ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 04-1733/1
05 06 25 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

www.uip.gov.mk

# ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА

Жиро сметки:
300000001198471 – Комерцијална банка АД Скопје
210045289640156 – Тутунска Банка АД Скопје
270045289640163 – Халкбанка АД Скопје
Даночен број : МК 4030992242532

Адреса:
ул. Коле Неделковски бр. 38
Телефон:
+389 2 3162 317
Е - маил:
info@uip.gov.mk

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи и член 31 став 1 точка 15 од Статутот на ЈП Улици и патишта – Скопје, а согласно Годишниот план за вработување во 2025 година на ЈП Улици и патишта – Скопје бр. 04-4960/1 од 12.11.2024 година, в.д Директорот на ЈП улици и патишта – Скопје, ја донесе, следната:

## О Д Л У К А

За објавување на ЈАВЕН ОГЛАС
за прием на помошно технички лица
на неопределено време

Член 1

Да се објави ЈАВЕН ОГЛАС за засновање на работен однос на неопределено време за следниве 2 (две) работни места:

1. **113. КДР0401А03005 Хигиеничар**.................................................................1 извршител во одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси;

2. **118. КДР0402А02007 Работник за обезбедување на имот и лица**...........1 извршител во одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси;

Член 2

Пополнувањето на работните места е во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП ,,Улици и патишта" - Скопје бр. 03-815/1 од 13.02.2020 година, Правилник за измена и дополнување на Правилник за систематизација на работни места бр.03-815/2 од 26.07.2021 година, Правилник за измена и дополнување на Правилник за систематизација на работни места 03-815/3 од 20.07.2022 година, Правилник за измена и дополнување на Правилник за систематизација на работни места 03-815/4 од 28.12.2023 година, и Годишниот план за вработување во 2025 година на ЈП Улици и патишта – Скопје бр. 04-4960/1 од 12.11.2024 година.

Член 3

Потребата за засновање на работен однос за работните места од член 1 во оваа Одлука да се обезбеди со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника од кои

еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македноскиот јазик.

Времетраењето на јавниот оглас е 5 (пет) работни дена, сметано од денот на неговото објавување во дневните весници.

Член 4

За реализирањето на Одлуката се задолжува одделението за управување со човечки ресурси.

Член 5

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Д-но:

- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Архива;

в.д Директор

**Ивана Трајкоска**